ШАХОВСКИ КЛУБ
АЛКАЛОИД
www.chessclubalkaloid.org

Шаховски Клуб "АЛКАЛОИД"
Бр. 03 - 56/1
10.03 2020 год.
СКОПЈЕ

**До**

**Агенција за Млади и Спорт на Република Северна Македонија**

**1000 Скопје**

**Предмет:** **Известување остварени и реализирани средства по основ Ваучер во спортот за 2019 година**

Почитувани,

Во рамки на реализација на Проектот Ваучер во спортот, од страна на Агенцијата за млади и спорт на Република Северна Македонија во текот на 2019 година на Шаховскиот Клуб АЛКАЛОИД, бул. Александар Македонски бр.12, 1000 Скопје, се доделени два Ваучери во вкупен износ **695.441,00** денари:

1. Ваучер бр. 08-1512/167 на износ 532.650,00 денари; датум на издавање 10.06.2019
2. Ваучер бр. 08-2733/233 на износ 162.791,00 денари; датум на издавање 04.12.2019

За реализација на предметните Ваучери, ШК Алкалоид има склучено Договор за донација на 12.08.2019 година со АЛКАЛОИД АД, бул. Александар Македонски бр.12, 1000Скопје, со ЕДБ 4030002463734. Средствата се уплатени на наменската сметка на ШК Алкалоид, во целост:

1. 532.650,00 денари на 03.10.2019 година и
2. 162.791,00 денари на 20.12.2019 година.

## Информација за потрошените средства по програмски активности:

I. **До 31.12.2019 година, од вкупно добиените средства по основ на Ваучер за спорт реализирани, наменски потрошени се: 692.240 денари.**

1. **Отворено Првенство во шах на Северна Македонија 2019** (Охрид, 24-30.08.2019) и

2. **Отворено Женско Првенство во шах на Северна Македонија 2019** (Охрид, 24-30.08.2019)

Од ШК Алкалоид на Отвореното Првенство учествуваа 12 претставници, и 2 претставнички на Женското Првенство, вкупно 14 членови на ШК АЛКАЛОИД. Трошоци за хотелско сместување на дел од членовите на ШК Алкалоид, ф-ра од Хотели-Метропол бр. 458/20-19 од 30.08.2019 година на износ **127.910 денари**.

3. **Екипно Првенство во шах на Северна Македонија за 2019,** (Охрид 22-28.07.2019)

Трошоци за хотелско сместување на членовите на екипата на ШК Алкалоид, ф-ра од Хотели-Метропол бр. 411/20-19 од 06.08.2019 година (на вкупен износ 260.260,00 денари), платен **дел 71.000 денари**.

4. **Европски Клупски Куп 2019** (Улцињ, Црна Гора 09-17.11.2019 година)

Трошоци за хотелско сместување и регистрација на членовите на екипата на ШК Алкалоид, ф-ра од организаторот „ПРИСМА“ доо Подгорица, бр. 448/19 од 24.09.2019, платен дел 5.400 ЕУР (во денарска противредност за откуп на девизи **332.073,00 денари**).

5. **Отворен меѓународен турнир во забрзан шах, АЛКАЛОИД 2019,** на 14.12.2019 Скопје

Трошоци за организирање меѓународни натпревари во Република Северна Македонија. Исплата на судиски и технички трошоци, со персонален данок, вкупно **28.002 денари.**

6. **Скопје Опен 2019, отворен меѓународен шаховски турнир, 06-12.12.2019 Скопје**

Трошоци за уписнини за претставници на ШК Алкалоид (12 играчи), Организатор Шаховски Сојуз на Град Скопје, ф-ра 08/2019 од 17.12.2019 година на износ **10.800 денари.**

7. **Набавка на спортска опрема и реквизити**

набавени дресови за членовите на ШК Алкалоид од „Промо Тим доо“ Скопје, ф-ра бр. ПТ 0504/051-2019 од 25.10.2019 година на износ **120.360,00** денари.

8. **Банкарски провизии во 2019 година 2.095 денари.**

II. **Во 2020 година преостанати средства на сметката се 3.201 денари, и искористени се за следната намена**:

9. **Отворен меѓународен турнир во забрзан шах, АЛКАЛОИД 2019,** на 14.12.2019 Скопје

Трошоци за организирање меѓународни натпревари во Република Северна Македонија. Набавка на пехар и медали, од „Дијаг доо“ Скопје, ф-ра 1606/2019 од 10.12.2019 година, **платен дел 3.000 денари**.

10. **Банкарски провизии во 2020 година (до 25.02.2020): 201 денар.**

ШК Алкалоид поседува комплетна документација во врска со трошењето на средствата, и на Ваше барање може да биде доставена на увид.

Скопје,
10.03.2020 година

Шаховски клуб “Алкалоид“ Скопје
Претседател

Виктор Стојчевски

Шаховски Клуб "АЛКАЛОИД" Скопје

Доставено до:

- Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија
- Шаховска Федерација на Македонија